

Ме прашува дедо нешто
Не му зборам, јас си ќутам
Многу ми си скржав дедо
И затоа ти се лутам.

Еве нешто пишувам
А раката ми се тресе
Дај ми дедо некој денар
Имаш пари полно ќесе.

Години се лоши внуче
Пара треба да се чува
Дали лето или зима
Или кога ветер дува.

Што ќе ти се пари дедо
Ти си веќе многу стар
Мене поклоними ги сите
Ќе ти купам најскап дар.

Земи внуче некој денар
Само за денес колку ти треба
А и тебе сакана внуче мое
Некој треба да те гледа.

Во тајната книга вака стои
Денот ќе дојде јас да заминам
Сакано внуче мило мое
Верувај се ќе биде твое.

**(Гроздан Јовановски, Њукастел)**